# Годишен извештај за работата на локалното координативно тело за заштита од дискриминација на општина Штип за 2018 година

# Годишен извештај за работата на локалното координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Штип за 2018 година

Локалното координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Штип е формирано во 2016 година. Телото беше промовирано и почна да функционира во 2017 година. Во неговиот состав влегоа членовите: Снежана Санева – координатор за еднакви можности на Општина Штип, Елена Маневска-Ѓоргоноска – народен правобранител од подрачната канцеларија во Штип, Марика Делева-Живкова – Министерство за правда, бесплатна правна помош, подрачна канцеларија Штип, Бети Тасевска – претседател на Комисијата за еднакви можности на Општина Штип од 2013 до 2017 година, претставници на здруженијата на граѓани: Кристијан Панев – Фондација за развој на локалната заедница, Вилма Јованова – ЗХА Синергија, Викторија Папарова – Младински клуб и Павлина Николовска – НВО Цивитас. Претставниците од граѓанските здруженија беа избрани според објавен конкурс, на кој тие имаа поднесено свои апликации.

По консултации со претставниците на Асоцијацијата за здравствена едукација Х.Е.Р.А, се дојде до заклучок дека е потребно проширување на телото со нови членови. За таа цел во јануари 2018 година беше распишан нов конкурс за проширување на телото со претставници од три нови здруженија на граѓани.

По завршување на вториот конкурс, Локалното тело за заштита од дискриминација го прошири својот состав. Негови актуелни членови се: Снежана Санева – координатор за еднакви можности на Општина Штип, Елена Маневска-Ѓоргоноска – народен правобранител од подрачната канцеларија во Штип, Марика Делева-Живкова – Министерство за правда, бесплатна правна помош, подрачна канцеларија Штип, Бети Тасевска –претседател на Комисијата за еднакви можности на Општина Штип од 2013 до 2017 година, претставници на здруженијата на граѓани: Кристијан Панев – Фондација за развој на локалната

заедница, Вилма Јованова – ЗХА Синергија, Викторија Папарова – Младински клуб и Павлина Николовска – НВО Цивитас, како и претставници на три нови здруженија: Благојче Дишоски – НВО Гласен текстилец, Бети Пеева – ЗГ ЕХО, и Ерол Адемов – Здружение на мултиетничко општество за човекови права од Штип.

Првата седница на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Штип се одржа на 7 февруари 2018 година. Ова Локално координативно тело за заштита од дискриминација е формирано во рамките на проектот „Собранието и локалната самоуправа за унапредување на правата на ЛГБТ луѓето“, кој се спроведува во соработка меѓу Општина Штип и Асоцијацијата за здравствена едукација ХЕРА., а е финансиски поддржан од Амбасадата на Кралство Холандија во Република Македонија.

Општина Штип заедно со уште две општини, Општина Куманово и Општина Струмица, беше учесник во проектните активности кои се состоеја од повеќе обуки и од студиско патување во Холандија, организирано за координаторите за еднакви можности, како и претставници од други институции. По завршувањето на дел од обуките, како резултат од нив, во сите три општини се формираа вакви тела за заштита од дискриминација на локално ниво. За нивно формирање беше донесена и одлука на советите на општините.



На состанокот се констатира новиот состав на Локалното тело за заштита од дискриминација, се претстави работата на телото од неговото основање до денес, како и документите што беа изготвени за непречно функционирање на неговата работа, каков што е Протоколот за унапредување на соработката на локалните механизми за заштита од дискриминација во Општина Штип.

На состанокот се дискутираше и за обуката на членовите на Локалното тело за заштита од дискриминација што претстоеше, а која се реализира од 14 до 16 февруари во Велес. Обуката се однесуваше на унапредување на вештините и способностите на членовите на локалните тела за изготвување акциски планови.

Во хотел Гардениа во Велес, од 14 до 16 февруари 2018 година се одржа работната средба за креирање акциски планови за 2018 година на локалните координативни тела за заштита од дискриминација од Штип, Куманово и од Струмица. Организатор на работната средба беше ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување од Скопје. Работната средба започна со осврт на резултатите постигнати досега и претставување на активностите за 2018 година. Потоа следуваше презентација за вовед во дискриминацијата, поим, видови и основи на дискриминацијата, како и за механизми за заштита од дискриминацијата. Се дискутираше за новиот предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација. Следната сесија беше за род, родов идентитет и сексуална ориентација. На средбата се укажа и на тоа кои се најчестите облици на дискриминација и прекршување на права на ЛГБТИ-луѓето, а беа разработени и примери и практики од поднесоци, во согласност со Законот за спречување дискриминација.
Секоја општина имаше презентација на активностите и резултатите од реализирани активности во 2017 г. Обучувачите дадоа вовед за изработка на акциски планови за 2018 година на локалните координативни тела за заштита од дискриминација. Се работеше по групи, секоја општина посебно, и откако беше развиен акцискиот план, имаше детална презентација на нацртите на акциските планови за 2018 година на локалните координативни тела за заштита од дискриминација на општините Штип, Куманово и на Струмица.



Фотографија од работната средба за креирање акциски планови за 2018 година на локалните координативни тела за заштита од дискриминација од Штип, Куманово и од Струмица, 14–16 февруари, хотел Гардениа, Велес

На 7.3.2018 година се одржа втората седница на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација. На состанокот присуствуваа 9 од вкупно 11 члена. Состанокот го започна и го водеше координаторот на ЛКТЗД, Снежана Санева.

Беше отворена дискусија за дополнување на Акцискиот план на ЛКТЗД за 2018 година. Членовите на Локалното координативно тело даваа свои забелешки и предлози, посебно во делот на описот на активностите што претходно веќе беа испланирани при изработката на Акцискиот план на обуката што се одржа во Велес од 14 до 16 февруари 2018 година. Кристијан Панев од Фондацијата за развој на локалната заедница предложи во активноста што се однесува на изработката и дистрибуцијата на промотивен материјал, да се додаде и поставување билборди, како и снимање кратки рекламни спотови. Имаше забелешка за редоследот на активностите од страна на Викторија Папарова од Младинскиот клуб, која нагласи дека одбележувањето на Денот за борба против дискриминацијата, кој е на 21 март, треба да биде ставена во погорниот дел од табелата за да се задржи хронологијата на активностите. Предлозите и забелешките беа нотирани од страна на координаторот на ЛКТЗД за да бидат внесени во Акцискиот план и тој да биде испратен на одобрување од страна на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување – ХЕРА.

Во врска со деловникот за работа на ЛКТЗД, за збор се јави Бети Пеева од НВО ЕХО, со констатација дека деловникот за работа таков како што е предложен е добар, со една напомена дека е потребно во делот на надлежностите на телото да се додаде член што се однесува на архивирање и чување на претставките кои ќе бидат доставувани до ЛКТЗД. Предлогот за дополнување беше усвоен и координаторот, кој го изготви предлог-деловникот зеде обврска да ја вметне забелешката. По ова членовите на ЛКТЗД едногласно го прифатија Деловникот за работа на ЛКТЗД на Општина Штип.

Потоа се отвори дискусија за содржината на образецот за пријавување на дискриминација. Координаторот на ЛКТЗД, Снежана Санева, појасни дека е тој правен според теркот на образецот што претходно бил изготвен од страна на Комисијата за заштита од дискриминација. Во врска со содржинскиот дел за збор се јави Елена Ѓоргоноска-Маневска, која истакна дека во делот под самиот наслов на документот: ПРЕТСТАВКА, постои информација што е потенцирана како „ВАЖНО“, во која подносителот се информира дека „од претставката која се упатува до ЛКТЗД копија ќе биде доставена до физичкото/правното лице, односно органот против кој се поднесува претставката“.

Според Ѓоргоноска-Маневска, би било добро оваа забелешка да биде избришана, поради постоењето реална можност подносителот да се откаже од намерата да поднесе претставка доколку знае дека за неа ќе биде информиран и потенцијалниот извршител на дискриминацијата. Оваа констатација беше прифатена од страна на сите присутни, по што беше нотирана од страна на координаторот на ЛКТЗД.

Образецот за пријавување на дискриминација е изработен. Координаторката истакна дека на него го има логото на ЛКТЗД и дека како таков е објавен на веб-страницата на Општина Штип.

**На ден 20.3.2018 година се одржа третата седница на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација. На состанокот присуствуваа 7 од вкупно 11 члена. На состанокот присуствуваше и проектната координаторката од ХЕРА, Елена Петровска. Состанокот го започна и го водеше координаторот на ЛКТЗД, Снежана Санева.**

Координаторката на Локалното координативно тело, Снежана Санева, даде резиме на претставката што беше поднесена од страна на лицето Ирена Везенкова до ЛКТЗД бр. Упп 14/18-2 на 13.3.2018 год. Воедно, таа истакна дека лицето Ирена Везенкова има поднесено претставка и до КЗД на национално ниво.

Лицето Ирена Везенкова образложува дека ѝ е направена дискриминација од страна на работодавачот, градоначалникот на Општина Штип, во 2017 година. Таа има отпочнато и судска постапка за докажување дека незаконски ѝ е прекинат работниот однос и дека таа од 2009 година, па сѐ до 2017 година имала работен ангажман во Општината, но по истекување на договорот на 15 мај 2017 година тој не ѝ бил продолжен од страна на работодавачот – Општина Штип.
Во претставката е наведено дека таа во тој период била бремена. Во врска со претставката за збор се јави Елена Ѓоргоноска-Маневска, која констатира дека судската пресуда што ја има добиено Везенкова не ѝ го исклучува правото да се жали на дискриминација. Имено, во постапката е изнесено дека градоначалникот побарал мислење од Државната комисија за спречување корупција за тоа дали може да се изврши трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време во време на распишани локални избори, на што добил одговор дека тоа не е законски. Повикувајќи се на ова образложение, Основниот суд во Штип го прифатил одговорот на ДКСК и пресудил во корист на тужениот, односно Општина Штип. Но, според Ѓоргоноска-Маневска, и покрај ваквата пресуда телото има обврска да утврди дали во случајот има или нема дискриминација, посебно поради фактот што подносителката на претставката била бремена.
Во насока на градење на став на ЛКТЗД, Санева истакна дека е потребно да се преземе постапка со која ќе ѝ се помогне на странката и ќе биде искажаното мислењето на телото во однос на постоењето дискриминација во конкретниот случај. Според координаторката, потребно е правниците што се членови на телото да помогнат во определување на формата со која ќе настапи ЛКТЗД.

За збор се јави Кристијан Панев од Фондацијата за развој на локалната заедница, според кого случаите со дискриминација се вистински предизвик кога станува збор за нејзино докажување. Според него, овде дискриминација може да има само според тоа што подносителката била бремена. Но, смета тој, дури и тоа во последните измени на Законот за работни односи би можело да го ослободи од одговорност работо-

давачо,т затоа што во законот пишува дека, доколку лицето било ангажирано со договор, а договорот му завршил, во тој случај нема дискриминација. Но, според Панев, во претставката е наведен уште еден многу значаен факт, а тоа е дека имало и други лица вработени под истите услови, но ним им бил продолжен договорот за привремено вработување, иако тие лица, секако, не биле во состојба како подносителката, односно не биле бремени.

Според заменик-народниот правобранител, г-ѓа Маневска, во Деловникот за работа на ЛКТЗД, член 6 став 1 алинеја 5, треба да се додаде „изготвување известувања, мислења и препораки до надлежни институции", со што ќе се овозможи конкретно изјаснување по однос на претставки во соодветна форма, која ќе ја изготви ЛКТЗД. Ваквиот предлог е прифатен од присутните и е констатирано дека во иднина ќе се изготвуваат вакви документи од страна на ЛКТЗД.
Во врска со конкретниот случај на Везенкова, Кристијан Панев предложи да изготвиме известување до КЗД, за која од подносителот на претставката сме запознаени дека и до нив има испратено претставка, во кое ќе ги замолиме да нè информираат за исходот од конкретниот случај.

Е. Ѓоргоноска-Маневска предложи да се испрати известување до странката Ирена Везенкова дека има право да се обрати и до Одделението за заштита од дискриминација, кое е во рамките на институцијата Народен правобранител.
И двата предлога беа прифатени, со забелешка дека Кристијан Панев ќе го изготви известувањето до КЗД, а заменик-народниот правобранител Ѓоргоноска Маневска ќе го изготви известувањето до странката да се обрати до Одделението за заштита од дискриминација на Народниот правобранител.

На присутните им се обрати Елена Петровска, претставник од Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА, која истакна дека во тек е разгледување на Акцискиот план на ЛКТЗД од трите града и дека во најскоро време ќе бидеме информирани кои активности од Акцискиот план ќе бидат прифатени или, пак, приспособени на можностите на ХЕРА. Воедно, присутните беа запознаени и дека предвидениот настап во локалните медиуми по повод Денот за заштита од расна дискриминација – 21 март беше реализиран и дека координаторот на ЛКТЗД, Санева, претставникот од НВО Гласен текстилец и претставничката на ХЕРА Елена Петровска беа гости на локалната ТВ Ирис.
На крајот на состанокот се констатира дека и за конкретниот случај на претставката што беше поднесена до ЛКТЗД и за сите идни претставки, ЛКТЗД нема надлежност да се впушта во одлучување дали постои или не постои дискриминација или, туку дека доколку постојат сомневања што укажуваат на потенцијална дискриминација, тие да го упатат подносителот и добиената претставка до соодветните институции што имаат надлежност да одлучуваат по таквите прашања.
Четвртата седница на ЛКТЗД на Општина Штип се одржана 13.4.2018 година во сала 2 на Општина Штип со почеток во 12 часот. Од вкупно 11 членови, на состанокот присуствуваа 9. Оправдано отсуство најавија Кристијан Панев од ФРЛЗ и Бети Пеева од ЕХО – Штип.
Координаторката ги изнесе забелешките по однос на записникот од претходната седница кои беа дадени од страна на Кристијан Панев. Во врска со нив присутните констатираа дека тие се во ред и дека треба да бидат вметнати во записникот од претходниот состанок.
Координаторката на ЛКТЗД, Санева, истакна дека од страна на Кристијан Панев беше упатена забелешка по однос на Акцискиот план во делот што се однесува на надоместоците за учесниците во активностите.
Тој го постави следново прашање: „Во поглед на предвидените хонорари во Акцискиот план за сите членови на ЛКЗД, дали е дозволено и, соодветно, како членови кои по службена

должност се таму, да земаат дополнителни хонорари за работата во ЛКЗД? И, можеби да се размисли дали таквите средства би било подобро да ги планираме за дополнителни активности на ЛКЗД."
Во врска со ова прашање на Панев за збор се јави Благојче Дишоски, кој истакна дека не се согласува со тоа дека членовите не треба да земаат надоместоци. Според Дишоски, тие средства се предвидени со проектот и треба да бидат исплатени затоа што се работи за реален ангажман, кој им одзема време на реализаторите.

Според Елена Ѓоргоноска-Маневска, не постои некаква законска пречка тие да бидат исплатени. По истата точка Санева истакна дека, ако парите се употребат за други дополнителни активности, тогаш и самиот Акциски план би требало да претрпи измени, затоа што тие ќе треба да бидат вметнати во планот.
По ова се премина на детално разгледување на активностите предвидени во Акцискиот план. Координаторката на ЛКТЗД предложи во врска со хонорарите да се направи распределба на средствата предвидени за надоместок со рамноправно вклучување на сите членови од телото во активностите. Според висината на средствата предвидени за хонорари, се констатира дека има доволно средства за рамномерна сума од 50 евра.

*Предлогот беше прифатен од сите присутни членови, по што се направи распоред на задолженија за членовите на ЛКТЗД. Така се констатира следново:*

1. **на Снежана Санева – координатор на ЛКТЗД, хонорарот ќе ѝ биде исплатен за организација на редовни состаноци, договарање и функционирање на ЛКТЗД;**

2. **на Елена Ѓоргоноска-Маневска и на Таше Наков хонорарот ќе им биде исплатен за изработката на образец за пријавување на случаи на дискриминација;**

3. **на Благојче Дишоски, Викторија Папарова, Бети Тасевска и Павлина Николовска хонорарот ќе им биде исплатен на име координатори на кампања за заштита од дискриминација;**

4. **на Кристијан Панев и на Вилма Јованова хонорари ќе им бидат исплатени за улогата на модератори на прес-конференциите;**

5. **на Бети Пеева и на Ерол Адемов хонорари ќе им бидат исплатени за изготвување на годишен извештај за реализираните активности.**

Во врска со кампањата и снимањето на видеоспотовите, Благојче Дишоски зеде обврска да стапи во контакт со студенти од Факултетот за уметност при УГД и да се обиде да најде „актери“ што би учествувале во снимањето на двата видеоспота. Според Дишоски, би било добро да се ангажираат и локални актери, како што е Сања Арсовска.
И Викторија Папарова рече дека ќе се потруди да се информира дали има членови на ЛГБТИ-заедницата кои би сакале да учествуваат во снимањето. Дишоски истакна дека му треба и помош од друг член на телото, по што се констатира дека Бети Тасевска би се вклучила во активностите за снимање на видеоспотовите.

Координаторката Санева истакна дека е потребно да се испечатат обрасци за пријавување дискриминација, по што Елена Ѓоргоноска-Маневска истакна дека зема обврска да обезбеди печатење на 100 примероци.
Бети Тасевска даде предлог за логото на ЛКТЗД, по што беше констатирано дека е потребно тоа да биде одобрено и од кабинетот на градоначалникот, по што би можело да се најде на образецот за пријавување дискриминација.
На 14.5.2018, во хотел „Оаза“ – Штип беше одржана трибина на тема: „ДИСКРИМИНАЦИЈА: Како да ја препознаам и што потоа?”, организирана од страна на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА, како и од Здружението на граѓани ЕХО – Едукативно-хуманитарна организација од Штип, со поддршка од НВО Цивика мобилитас.




## НА ТРИБИНАТА ГОВОРЕА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПОВЕЌЕ ИНСТИТУЦИИ:

**Андријана Папиќ Манчева** – модератор,
**Драгана Дрндаревска** – правна експертка и експертка за застапување од Коалицијат „Маргини“,
**Елена Петревска** – проектна координаторка во ХЕРА,
**Бети Пеева** – претседателка на ЕХО,
**Милкица Димитрова** – шеф на кабинетот на градоначалникот, како и
**Снежана Санева** – координатор на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација.

Петтата седница на ЛКТЗД на Општина Штип се одржа на 6 јули 2018 година во сала 2 на Општина Штип со почеток во 12 часот. Од вкупно 11 члена на состанокот присуствуваа 7. Оправдано отсуство најавија Бети Пеева од ЕХО – Штип, Елена Ѓоргоноска-Маневска – Народен правобранител, Викторија Папарова – ЦСР и Благојче Дишоски од НВО Гласен текстилец. Координаторката на ЛКТЗД Санева им го достави на присутните Акцискиот план во писмена форма, по што се разви дискусија, при што се одеше на детално разгледување на секоја активност.

Таа ги информираше членовите дека Акцискиот план е доставен до Советот на Општина Штип и се очекува да биде поставен на седница и да биде усвоен.

На седница на Советот, која се одржа на 31 август 2018 година, се донесе Одлука за донесување Акциски план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Штип, бр. 08-4902/1 од 31.8.2018 година. Во наредниот период Локалното координативно тело за заштита од дискриминација ги спроведе сите активности предвидени со Акцискиот план за 2018 година.

Во врска со одржувањето на седниците, се констатираше дека ова е петта седница на ЛКТЗД и дека секако планот ќе биде реализиран со одржани вкупно шест седници до крајот на годината. За нив има уредни записници и список на присутни.

На работната средба што се одржа во хотел Гардениа во Велес од 14 до 16.2.2018 година за изготвување Акциски план за 2018 година на ЛКТЗД на Општина Штип, креиран е ФБ-профил од страна на Благојче Дишоски, а се ажурира и со залагање на Бети Тасевска. Подготовката на информативен текст за веб-страницата на Општина Штип е реализирана од страна на координаторката на ЛКТЗД, која редовно ја дополнува веб-страницата во делот што се однесува на еднаквите можности.

Во врска со претставките, констатирано е дека досега е поднесена една претставка по која е постапувано. По однос на активноста „обезбедување бесплатна правна помош“, Кристијан Панов од ФРЛЗ истакна дека телото не е овластено да дава бесплатна правна помош, односно нема таква законска регулатива. На ова Санева истакна дека дел од членовите на телото имаат надлежност да даваат бесплатна правна помош, како што се НП, како и претставникот од Канцеларијата за БПП при МП, но сепак, според Панов, и покрај тоа, телото не смее да дава таква помош. По ова координаторката на ЛКТЗД предложи во акцискиот план да се додаде терминот „неформална“ бесплатна правна помош. Присутните се согласија со овој предлог. Во врска со присуството на медиумите, на ден 21 март во утринската програма на тема: Дискриминација и како да се справиме со неа на ТВ Ирис гости беа членови на ЛКТЗД Штип Благојче Дишоски и Снежана Санева, заедно со Елена Петровска од ХЕРА.

Главна активност што го очекува ЛКТЗД во наредниот период е кампањата за подигање на јавната свест, која треба да резултира со снимање и емитување два видеоспота, како и нивна промоција со организирање промотивен настан – дебата.

Во врска со видеоспотовите беше истакнато дека би било добро тие да бидат снимени од страна на студенти од УГД кои располагаат со солидна техника и се во можност да го направат тоа. Благојче Дишоски ќе биде одговорен за реализацијата на овој дел од Акцискиот план, во текот на месец јули и август. Потоа беше презентиран предлог-план за сценарио за снимање на видеоспот во кој ќе бидат прикажани најчестите типови дискриминација во текстилната индустрија, кој беше изработен и доставен до ЛКТЗД од страна на Благојче Дишоски. Присутните се сложија со идејата да се направи

спот според ова сценарио, но Вилма Јованова истакна дека ако биде сè застапено како во планот, видеото би траело 5-8 минути, а тоа е долга содржина и, според неа, телевизиите не би го емитувале или, пак, тоа би чинело повеќе пари. По ова таа предложи да се направат две верзии: кратка, која би траела 1-2 минути, и подолга од 5 до 8 минути. Присутните се согласија со овој предлог. Во врска со изработката на медија-план за кампањата, кој треба да биде индикатор за нејзината успешност, Ерол Адемов од Здружението за мултиетничко општество за човекови права од Штип истакна дека има искуство и дека тој би можел да го направи медија-планот за кампањата.







Станува збор за обука на стручните и на педагошко-психолошки служби од основните и средните училишта. Обуката се одржа на 30 октомври 2018 година во салата на Советот на Општина Штип и на неа присуствуваа 30 учесници, вклучувајќи ги: Елена Петровска, проектна координаторка од ХЕРА, Љупка Трајановска во улога на предавач, член на Националната мрежа за борба против насилство врз жените и семејно насилство, претставници од Локалното координативно тело за заштита од дискриминација, претставници од општинската администрација и претставници од стручните и од педагошко-психолошки служби на училиштата. Обуката беше на тема: родово базирано насилство. Интересот за настанот беше на високо ниво и постигна активен пристап на учесниците во еден вид дебата на тема родово базирано насилство.

Шестата седница на ЛКТЗД на Општина Штип се одржа на 16 ноември 2018 година во сала 2 на Општина Штип со почеток во 13 часот и 30 минути.
Од вкупно 11 членови на состанокот присуствуваа 9. Оправдано отсуство најавија Бети Пеева од ЕХО –Штип и Благојче Дишоски од НВО Гласен текстилец.

Координаторката на ЛКТЗД Санева истакна дека реализацијата на Акцискиот план се одвива со добра динамика и во рамките на предвидениот временски рок. Таа нагласи дека има мало поместување на редоследот на планираните активности. Имено, активноста со број 9 е поместена пред активноста бр. 8.
Бети Тасевска, претседателка на КЕМ, која беше една од одговорните лица за спроведување на кампањата за заштита од дискриминација, истакна дека како дел од кампањата беше предвидено да се снимаат два спота, за чие снимање и емитување беа предвидени средства во износ од 800 евра. Во врска со спотовите Тасевска ги информираше присутните, иако веќе беа запознаени при комуникацијата на електронскиот медиум ФБ, дека за едниот од спотовите, кој се однесува на ЛГБТ-заедницата, обврската ја имаат преземено претставниците

од ХЕРА, а додека на локално ниво е одлучено да се реализира само спотот за текстилните работнички.
Потоа на присутните им беше прикажан веќе снимениот спот за текстилните работници. Тој е прифатен и одобрен од страна на ХЕРА. Во врска со снимањето, Тасевска нагласи дека за снимање се потрошени 270 евра од предвидените 400, што значи дека за емитување остануваат 130 евра. Реализатор на спотот е фото-студиото „Фото Центар" од Штип. Во врска со емитувањето, Тасевска нагласи дека со Елена Петревска се имаат договорено дека треба да се додадат уште 10 евра за емитување на спотот. Емитувањето ќе се реализира на локалната ТВ Стар, која дала поповолни услови. Понудата е следнава:
1. Работнички права (30 сек) – 15 дена во prime time (пред или по вестите) и 15 дена во редовен термин во периодот од 7 до 14 ч.;
2. Дискриминација на ЛГБТ-заедницата (60 сек) – 15 дена во prime time (пред или по вестите) и 15 дена во редовен термин во периодот од 7 до 14 ч.

На 29 ноември 2018 година во Општина Штип беше одржана прес-конференција за промовирање на два спота за заштита од дискриминација, како дел од кампањата за заштита од дискриминација на локално ниво, која, пак, беше планирана со Локалниот акциски план за заштита од дискриминација на Општина Штип за 2018 година.
За крај, предвиденото освежување на членовите на ЛКТЗД се реализира во вид на една заедничка средба во хотел Урбаниста во Штип, која се одржа на 26 декември 2018 година. За изработка на Годишниот извештај за работата на ЛКТЗД на Општина Штип, според Акцискиот план за 2018 година, беа ангажирани членовите на ЛКТЗД Ерол Адемов и Бети Пеева.
Акцискиот план беше изготвен и целосно реализиран од страна на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација на Општина Штип, како дел од проектот „Собранието и локалната самоуправа за унапредување на правата на ЛГБТ луѓето", кој се спроведува во соработка меѓу Општина Штип и Асоцијацијата за здравствена едукација Х.Е.Р.А., а е финансиски поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија.

**Листа на прилози:**

Акциски план за 2018 година на ЛКТЗД на Општина Штип
Слики од одржани шест седници на ЛКТЗД на Општина Штип
Образец за пријавување на дискриминација на ЛКТЗД на Општина Штип
Линк од емисијата на ТВ Ирис, 21 март 2018 година
Деловник за работа на ЛКТЗД на Општина Штип
Агенда од обука за унапредување на знаењето на стручните служби на локалните институции под надлежност на ЕЛС Штип
Агенда од прес-конференција од локалната кампања за заштита од дискриминација на локално ниво
Слики од промоција на два спота за заштита од дискриминација
Слики од трибина за дискриминација
Слики од обука за унапредување на знаењето на стручните служби на локалните институции под надлежност на ЕЛС Штип
Слика од обука во Велес

*Извештајот е изготвен од членовите*
*на ЛКТЗД на Општина Штип,*
*28.12.2018 година,*

*Ерол Адемов*
*Бети Пеев*